Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.____________

_________2023година

СКОПЈЕ

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ
## од работна посета на Основен суд С.

Со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.03-1313/1 од 26.06.2023 година формирана е работна група која ќе изврши работна посета на Основен суд С. на ден 27.06.2023 година во состав: м-р М. М., Л. Г. и И.Н. членови на Советот.За одговорен член е м-р М. М.

Записникот го водеше Ј.Г- д. с. во Судскиот совет на РСМ.

Во рамките на работната посета работната група треба да изврши разговор со судиите за евентуални влијаниеја во постапување по предметите заведени во судот за општина С. и градоначалникот Р. М. и до каде е постапката по истите .

Работната група оствари средба со Претседателот на Основниот суд С. И. Б. кој ја запозна работната група со состојбата и бројот на судии во Основниот суд С.

- ***<u>Состојба со пополнети судиски места во судот</u>***

Согласно систематизацијата и број на судиски места во Основен суд С. предвидени се 15 судиски места .

Основниот суд С. работи со 5 судии од кои 1 (еден) е претседател на судот. Од Основниот суд О. времено е делегиран на работа во Основниот суд С.- 1 (еден) судија .

Од нив 1 (еден) судија работи кривични предмети, 1 (еден) судија кој е делегиран работи на прекршочни предмети, 1 (еден) судија на граѓански предмети и стечај , 1 (еден) судија на граѓански предмети и ВПП, 1 (еден) судија на претходна постапка и прекршоци.

До крајот на 2023 година во пензија ќе заминат 3 (тројца) судии.

- ***Побарани податоци за предмети***

Побарани беа податоци за состојбата со предмети во судот во кои како странка (тужител или тужен) е општина С., градоначалникот Р.М. и Меѓународниот Универзитет во С. за периодот 2020-2022 година.

Од листинг на предмети во кои општината С. се јавува како странка ( тужител или тужен) се констатира :

Во 2020 година се оформени 9 – МАЛВП предмети; 5 –ВПП предмети; 1 –ПРК-О предмет; 2 –ППНИ предмети; 4 –РО предмети ; 2- П1 предмети; 6- П4 предмети; 2-ТС1 предмети, 1 –МАЛВП ПЛ1-ТС предмети и 1-ПЛ1 ТС предмети.

Во 2021 година оформени се 6 – МАЛВП предмети; 6 –ВПП предмети; 1 –ПРК-О предмет; 2 –ППНИ предмети; 2 -ТС предмети; 36 – РО предмети ; 6- П1 предмети; 3- П4 предмети; 4-ТС1 предмети, 1 –ВПП2 предмет.

Во 2022 година оформени се 5 – МАЛВП предмети; 5 –ВПП предмети; 2 –ПРК-О предмет; 4 –РО предмети ; 7- П1 предмети; 3- П4 предмети; 3-ТС1 предмети, 1 –ВПП2 предмет.

Од листинг на предмети во кои Р. М. се јавува како странка ( тужител или тужен) се констатира дека во 2022 година заведени се 2 предмети :1-РО предмет и 1-П5 предмет.

Од листинг на предмети во кои Меѓународниот Универзитет во С. се јавува како странка ( тужител или тужен) се констатира во 2021година се 3 предмети 1- ПРК-О предемт, 1 -П1 предмет и 1 ВПП2 предмет Овие предмети се завршени. Од 2022година има 1 –П5 предмет кој сеуште не завршен.

- ***Увид во предмети***

м-р М. М. , член на Советот, воедно и координатор за Основен суд С. изврши увид во следниве предмети:

**Предмет П5 бр. 4/23**
Тужител: Б. Ќ.
Тужен: Р. М.

Се работи за утврдување на одговорност од сторена навреда и надомест на нематеријална штета од навреда. Предметот е нов, примен во

судот на 20.06.2023 и е во тек, ќе биде предмет на понатамопшно следење од страна на Судски совет.

**Предмет РО бр. 17/22**

Тужител Р. Х.

Тужен: Р. М.

Основ: Вознемирување на работно место.

Се работи за вработен во Општина С., со звање Раководител на Сектор за урбанизам. Истиот бил суспендиран од работа на 24.11.2021 година, поднел жалба во Агенција за администрација и истата се одбива како неоснована и решението за потврдување.

Поднесена тужба во Основен суд С. По однос на истото доставено е одговор на тужба на 12.04.2022 година.

По истиот предмет се одржани неколку расправи и тоа на 08.07.2022, 16.09.2022, 26.05.2023 како и следната расправа е закажана за 21.09.2023. И овој предмет е во тек.

Истиот тужител и порано водел постапки по ист основ со Општина С., еднаш има добиено на прв степен, но по поднесена жалба од страна на Општината т.е. градоначлникот второстепениот суд ја преиначил првостепената пресуда.

**Предмет ПРК-О бр. 99/18**

Против Меѓународен Универзитет во С. и директорот А. К. . Се работи за прекршочен предмет по член 36 став 5 од Законот за просветен инспекторат, и тоа за спречување на извршување на вонреден инспекциски надзор.

По истиот предмет судијата М. Н. донесува пресуда каде изрекла казна од 1750 евра за правниот субјект и 500 евра за директорот А.К.

Незадоволната страна поднела жалба до А.суд Б. (ПРКЖ 262/21). Истата е уважена и донесена одлука со која пресудата ПРК-О 99/18 се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување.

При повторното одлучување предметот со нов број ПРК-О 61/21 одлучил истиот судија (кој сега е во пензија), земајќи ги во предвид насоките од повисокиот суд, донел пресуда со која барањето за прекршочна постапка се одбива како неосновано.

По ова одлука, не е изјавенаа жалба и одлуката станала конечна.

За истиот случај била водена и кривична постапка која во Основен суд С. е завршена согласно член 403 став 1 од ЗКП. По поднесена жалба од страна на ОЈО С. КЖ-408/20 А. суд во Б. ја потврдува првостепената пресуда.

**Предмет МАЛВП бр. 76/21**

Тужител: Општина С.

Тужена: А. О.

Основ: Регулирање на обврска на плаќање на надоместок за уредување на градежно неизградено земјиште согласно договор.

Истиот предмет е завршен со пресуда за судско порамнување.

**Предмет ТС 1 бр. 7/21**

Тужител Општина С.

Тужен ДГТ – П. К.

Вредноста на спорот: 5.558.685 денари

Предмет на спорот биле спорни пресметки врз основа на претходно постоечки договор за градење .

Основниот суд С. донел пресуда со која тужбата се одбива како неоснована и општината се задолжува да му ја уплати разликата од 424.500 денари на тужениот.

По истата одлука нема изјавено жалба со тоа што предметот станал конечен.

**ЗАКЛУЧОК**: Од увидот во предметите кои беа разгледани е констатирано дека нема пропусти од страна на судиите или претседателот на судот. Истите се доделни по АКМИС, насрочени и работени согласно планот за работа во судот, почитувани се роковите за превземените дејствија и може да се заклучи дека од нивна страна нема забележано никви процедурални или други пропусти.

Исто така, после извршениот увид во предметите беа свикани сите судии на разговор и со истите беше извршен разговор по однос на работата на судот и евентуалните притисоци. Сите беа едногласни дека немаат никави пристисоци од надвор и дека нивната работа ја вршат согласно законот и другите позитивни прописи.

м-р И. Н. член на Советот и член на работната група изврши увид во граѓански предмети, заведени во уписник и тоа: ППНИ,П5,П1,ТС,МАЛВП,ТС1, каде како странка се појавува Општина С,Р.М. и МУ-С.

**Предмет ППНИ 84/17.**

Предметот е оформен по изјавено барање од страна на Општина С., со кое субјектот бара определување на минимум парични средства (лимит)неопходни за извршување на дејноста на Барателот-Општината.

Од увид во списите на предметот констаирано е дека со барањето се приложени финансиски документи-докази, кои дополнително се разгледани од вешто лице-економска област, од кого е изготвен стручен наод и мислење во прилог со што е даден предлог за минумум на парични средства за вршење на дејноста од страна на општината.

По погоре заведениот предмет, постапувал судијата И.Б., кој е и Претседател на ОС С.

Со Решение ППНИ- 84/17 од 17.11.2017 година се усвојува барањето , се определува лимит на парични средства во износ од 50.425.000 денари,парични средства, неопходни за вршење на дејноста на Општината, согласно одредбите на чл.218 ст.1 и 2 од Законот за извршување, на кое Решение доверителот изјавил жалба но истата ја повлекол и решението станува правосилно.

Образложение

Со правосилна-извршна судска одлука-пресуда ТС бр.48/2008 од 17.01.2010 година, Општина С. во својство на тужен-солидарен должник, заедно со тужените Општина О. и ЈП П. , се задолжени на тужителот РСМ-М.Ф на име главен долг да платат сума во износ од 81.264.886,00 денари зголемен со ЗКК, и трошоци на постапка.

Тужените не постапиле доброволно во рокот предвиден во правосилната пресуда, не извршиле плаќање, од кои причини по изјавено барање за присилно извршување од страна на тужителот заведена е извршна постапка под И бр.183/11 од 24.11.2011 година,пред Нотар М.Д. за подрачје на ОС С. Издаден е налог за извршување на главниот долг заедно со другите дополнителни барања и извршни трошоци, во вкупен износ од 162.841.963 денари, кои парични средства од сметката на солидарниот должник Општина С. се бара да се префрлат на доверителот МФ.

Извршната постапка со издадениот налог за присилна наплата, ја блокира сметката на Општина С., од кои причини Општина С.во период на 2012г ,бара определување на лимит на парични средства неопходни за функционирање на Општината, по вака изјавеното барање оформен е предмет ППНИ бр.17/12 од 17.04.2012 година, по кој постапувал судијата А. У., со Решение е определен лимит на парични средстава во износ од 22.643.500 денари, а со одлука на А. суд Б. ТСЖ бр.463/12 од 14.05.2012г, определениот лимит од страна на првостепениот суд делумно се усвојува на начин што повисокиот суд определува лимит во износ од 16.693.500 денари. Со кои определени средства како неопходни за вршење на дејноста, Општината работи и функционира се до 2017 година, кога е поднесено последното барање за определување на лимит.

Во последното барање за определување на лимит или минимум средства неопходни за функционирање на Општина С, Општината покрај приложените докази дава и посебно образложение за променетите фискални-финансиски промени и зголемени потреби од парични средства, сметано за период 2012 до 2017 година, по кое барање и оформен предмет И бр.48/17 од 17.11.2017 година се определува лимит како минимум потребни парични средства за вршење на дејноста на општината сума во износ од 50.425.000 денари.

**Заклучок**: Од увид во списите на предметот и непосреден разговор со судијата кој одлучувал по барањето а во својство на Претседател надлежен да постапува, по барањето е одлучено законито, совесно и одговорно, не се забележани елементи на влијание во постапувањето, одлуката е донесена согласно одредбите на чл.218 ст.1 и 2 од ЗИ. Исто така со вака донесеното решение судот нема улога на контролор и надлежност до го следи начинот на употреба и трошење на одобрените парични средства од страна на Општината, во услови да не е поведена посебна постапка по предлог од надлежен орган.

Дали со примена на одредбите од член 218 став 1 и 2 од ЗИ, се дава поповолен третман на единиците на локалната самоуправа во однос на другите субјекти во правниот промет и дали со примена на овие одредби се остава простор на евентуални злоупотреби е прашање кое треба дополнително да се анализира и по потреба да интервенира законодавецот, а Судскиот совет нема надлежност.

**Предмет П5 бр.2/22**

Основ (клевета), Тужител МУ –С. тужен ИК од с.В. Тужбата е изјавена на ден 28.01.2022г, распореден кај судија Ѓ. К. (во пензија), такса уредно платена, со уредно заведени процесни дејствија во попис на списи,подготвително рочиште закажано и одржано на ден 20.04.2022г. По овој предмет постапува во иднина судија С. Ѓ., закажани се две главни расправи-одложени по барање на тужителот. Предметот не е завршен,закажана е расправа за ден 07.07.2023г.

**Заклучок**:Уредно преземени сите процесни дејствија, до промена на судијата на кој му е доделен предметот во работа и постапува по истиот од причина што предходно задолжениот судија е разрешен поради исполнување на услови за старосна пензија. Од разговор со судијата, не соочена со притисоци и влијанија.

**Предмет П1 бр.141/21**

Изјавена тужба и заведена во работа во 30.07.2021 г, имотен спор-смеќавање на владение, рапореден кај судија Т. П., такса уредно платена, со уредно заведени процесни дејствија во попис на списи. Странки-Физичко лице НБ од С.-тужител, МУ С.-тужен. Донесена првостепена одлука со која се одбива тужбеното барање на тужителот. Изјавена е жалба пред А.суд Б. од кој суд првостепената одлука се потврдува, жалбата се одбива како неоснована.

**Заклучок**:По предметот на овој спор се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

**Предмет ТС бр.1/21**

Стопански спор.Согласно електронската распределба доделен во работа, прифатен од Судијата И. А.. Странки-Општина С.-тужител и А. за А.-Т.-тужен, по Основ-предавање во владение. Тужбата е изјавена на 07.06.2018г, уредно превземени сите процесни дејствија, донесена првостепена одлука со која се одбива тужбенопто барање, по изјавена жалба од страна на второстепениот суд, првостепената одлука се укинува. При повторно постапување донесена е одлука со која се усвојува тужбеното барање и која е потврдена од страна на А.суд Б.

**Заклучок**:По предметот на овој спор се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

**Предмет МАЛВП бр.2/22**

Основ надомест на штета, Тужител физичко лице В.Е. од С., Тужен Општина С., по пат на електронска распределба на распоред и постапување кај судија Т. П. Такса уредно платена, превзмени сите процесни дејствија, уредно водена постапка,завршена со правосилна пресуда со која се усвојува тужбеното барање на тужителот, потврдена од страна на А.суд Б.

**Заклучок**:Од увид во списите на предметот, не се забележани пропусти во смисла на неуредно постапување.

**Предмет ТС1 бр.7/21**,

Стопански предмет по основ долг, тужител Општина С.,тужен субјект распореден кај судија Т. П.. Тужбата изјавена и заведена 02.06.2021г. По одржана и заклучена расправа, донесена е првостепена одлука со која се одбива тужбеното барање на тужителот, одлуката е потврдена од АС Б.

**Заклучок**: не се забележани пропусти при водењето и управувањето на постапката од страна на судијата кој постапувал,а донесената одлука е потврдена од повисокиот суд.

**З А К Л У Ч О К**

Од увид во списите на преметите, погоре наведени не се забележани пропусти во постапувањето, ниту може да се констатира професионален пропуст при постапување и одлучување на судиите со доделените предмети во работа во смисла носени се одлуки под влијание или притисоци.

Л. Г. член на Советот и член на работната група се изврши увид во предметите ППНИ бр.64/14 и МАЛВ- П бр.25/20.

**Предмет ППНИ бр.64/14**

По иницијален акт Барање за проширување на минимумот средства за извршување на основната дејност на должникот Општина С. поднесено од градоначалник З.С..Датум на прием 26.11.2014 г.

Врз основа на судска пресуда ТС 48/2008 на 27.01.2010 година извршител М. Д. од Општина С. доставил налог за извршување И.бр.183/2011 од 24.11.2011, за исплата на главен долг со камата од сметка на Општина С., за сметка на доверител В. на РСМ, МФ.

Барањето е поднесено врз основа член 211 од Законот за извршување, споед кој: „Врз предметите и правата на единиците на локалната самоуправа–општините, неможе да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задача.

Инаку основното решение со кое е определен таков минимум е Решението на Претседателот на ОС С. ППНИ бр.17/12 од 17.04.2012 година, со кое е определен износ од 16.693.500,оо денари, како месечен износ неопходен за вршење на дејноста и задачите на должникот и врз истиот износ да не може да се спроведе извршување.

Решението е потврдено од АС Б. со решение ТСЖ 463/12 од 14.05.2012 година.

Од наводите во барањето на Општина С. видно е дека истото се поднесува за износ односно минимум кој е утврден врз основа на податоци од завршна сметка и усвоен буџет за 2011 година. Во образложение на основаноста на барањето стои дека во наредните три година- 2012,2013 и 2014 година се промениле условите на работење од повеќе причини (таксативно се наброени законски измени и потреби кои довеле до промена на состојбата).

Завршно со пресуда ТС 48/08 од 27.01.2010 на ОС С. се задолжуваат тужените МЈП П.А. С., Општина С. и Општина О. да му платат на тужителот – РМ- МФ главен долг со камата над 81 мил. денари за кој износ е блокирана сметката на Општина С. но не и сметките на Општина О. и МЈП П. А. С. Општина С. досега го има измирено скоро 100 % од овој главен долг меѓутоа тоа е само 50% од вкупните обврски од пресудата или 90% од нејзиното процентуално учество од искористениот кредит.

За доказ е доставено вештачење од вешто лице дипломиран економист Ч. С. . Од тука се предлага да Барањето се уважи и прошири за утврдениот износ на средства од 26.340.000.00 денари за секој месец од денот на донесување на решението до целосна исплата на долгот према В. на РСМ – М.Ф. по предмет И бр 183/2011.

Со Решението ППНИ 64/14 од 26.11.2014 година Барањето делумно е усвоено за зголемување на минумум средства определени со решение со ОС С. ППНИ 17/12 од 17.04.2012 година.Се врши измена на решението во делот на месечен износ и се определува од 22.430.000,00 денари како месечен износ над кој не може да спроведе извршувања на парични

побарувања на доверител МФ по налог на извршување И бр.183/2011 од 24.11.2011 година. Барањето над досудениот износ до бараниот 26.340.000,00 се одбива како неосновано. Во образложението се дадени точни наводи за Одлуката. Од страна на РМ – МФ – Д.П. за С. доставена е жалба 15.01.2015г. со предлог да се одбие барањето на Општина С. како неосновано. Има одговор на жалба на Општина С..Од страна на извршител Д. С. именуван за подрачје на судовите О., С. и Д. од 23.01.2015 доставен е предмет И бр 183/2011 за одлучување.

А. суд Б. со Решение ТСЖ 57/17 од 03.03.2015 година жалбата ја уважил и Решението на претседателот на ОС С. ППНИ 64/14 од 26.11.2014 го укинал и предметот вратил на повторно одлучување.

При повторно одлучување претседател на ОС С. донел Решение ППНИ 14/15 од 20.04.2015 година, со кое барањето на Општина С. за измена на решението на Општина С. ППНИ 17/12 од 17.04.2012 го одбил како неосновано. Во образложение на одлуката стои дека не е прифатено вештачењето прилог кон барањето. Општина С., преку градоначалник З. С. поднеле жалба на истото по кое АС Б. донела решение ТСЖ 495/15 од 13.08.2015 со кое жалбата е одбиена како неосновано, а решението ППНИ 14/15 од 20.04.2015 е потврдено.

Ново барање од Општина С. е поднесено на 18.04.2016 година, заведено под број ППНИ 24/16, врска ППНИ 17/12, со барање за износ на минумум за 33.230.000,00 денари (градочалник З. С.). Жалба од Општина С. од 27.05.2016. Писмено произнесување од Д.П.на РМ од 18.05.2016 година пред одлучувањето од претседателот со предлог барањето на Општината да се одбие како неосновано.

По жалбата на Општина С. АС Б. донел решение ТСЖ 322/16 од 21.06.2016 со кое жалбата е одбиена а решението на претседателот на ОС С. ППНИ 24/16 од 13.05.2016 се потврдува.

Од вештачењето од вешто лице Ч. С. заверено во Општина С.под број 03-1470/2 од 12.04.2016 изработено по барање на Општината 03-1470/1 е утврдено завршно мислење за утврден минимум сретства потребно за извршување на основната дејност на должникот Општина С. на износ од 33.230.000,00 денари при што е земен предвид и буџетот на Општина С. за 2016 година(докази кон барањето).

Постапувајќи по барањето претседателот на ОС С. И.Б. донел решение ППНИ 24/16 од 13.05.2016 со кое бараното зголемување на минимумот определен со решение на ОС С. ППНИ 17/12 од 17.04.2012 на износ од 33.230.000,00 денари го одбил како неосновано.

**Предмет МАЛВ- П бр.25/20 од 12.02.2020** г.

Тужител Општина С., застапувана од адв полномошник Д.К., по овластување дадено од градоначалникот Р.М., тужен Ј. М. с.Л, со основ долг, вредност на спорот 105.000,00 денари.

Долгот призлегува од неиполнување целосно на обврските од страна на тужениот од Договор за уредување на градежно неизградено земјиште во селски населби с. Л. од 04.05.2016 со Анекс на овој договор. Докази: Опомена 05-792 од 12.02.2018 од Општина до тужениот М.Ј. затоа што од прифатеното задолжување од 525.000,00 денари не платил уште износот од 105.000,00 денари.

Одлуката е донесена на прво рочиште на 18.10.2020 во присуство на полномошникот на тужителот, а во отсуство на тужениот уредно поканет. Во доказна постапка изведени доказите и по завршните зборови заклучена главната распарава.Донесена и објавена пресуда со кое тужбеното барање е усвоено. Жалба нема. Пресудата станала правосилна 12.11.2020 а извршна 23.11.2020 година.

Од увидот во овие два предмети како и останатите кои ни беа дадени на увид, ***ЗАКЛУЧОК*** е дека најнапред во предметите има уред попис на списи. Во дел на водење на постапките се констатира дека нема пропусти во водењето на постапката, почитувани се роковите за превземените дејствија и останатите процесни претпоставки при водење на постапките по предметите, а одлуките се образложени врз основа на доказите.

Ј. Г. д. с. во Советот и записничар на работната група се изврши увид во предметот П5- 4/22 .

**Предмет П5- 4/22**

**О**формен по тужба од 28.01.2022година од адвокат И. П. од Б. на тужител Р. М.против тужен И. И.од с.В. општина С. за надомест на нематеријална штета во вредност од 100.000,00 денари по основ навреда и клевета за време на изборна кампања.

Во предметот има потврда за уплатена судка такса за поднесена тужба од тужителот.

Записник од подготвително рочиште одржано на 20.04.2022година. Записници од главна расправа од 17.10.2022година ,одложена за ден 23.02.2023година, одоложена за 20.04.2023година, одложена за 07.07.2023година.

***Заклучок:*** Предметот не е завршен. Причините за одлагање на главната расправа се на барање на адвокатот - полномошник на тужениот.

- ***Разговор со судиите***

Работната група обави разговор и со судиите од Основниот суд С.кои поединичено се произнесоа со свое согледување во однос на ситуацијата, да истите не се соочуваат со никакви вид влијание или притисоци

поврзани со актуелните предмети во судот ниту пак во нивното секојдневно работење воопшто.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Работна група**

**m-r М. М.______________**
**Л. Г. ______________**
**И. Н._______________**